ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

www.iph.mk

Ул. “50 Дивизија” бр.6, 1000 СКОПЈЕ

Тел: 02 3 125 044, 3 223 033; Фах: 02 3 223 354

## ОДДЕЛ ЗА ЕПИДЕМИОЛОГИЈА НА ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА

# Б И Л Т Е Н

за движењето на акутните заразни заболувања во Република Северна Македонија
во месец **м а р т, 2024**




Скопје, 18.04.2024

Во текот на март 2024 година, во Република Северна Македонија, пријавени се вкупно **1.431** заболено лице од акутни заразни заболувања *(без COVID-19, грип, туберкулоза, СИДА, АФП и хронични носителства на хепатит Б и Ц и ХИВ)* со вкупна инциденца од **77,9 на 100.000 жители**.

Во текот на месец март се бележи зголемување на вкупниот број на заболени лица за 27,0% во однос на претходниот месец февруари 2024 (n=1.127). Во однос на март 2023, се бележи зголемување за 18,8% (n=1.205), како и во однос на аритметичката средина за периодот 2014–2023, за 26,0% (n=1.136). *(Графикон 1)*

Во вкупниот број на заболени во 2024 година, регистрираните случаи во месец март учествуваат со 38,3%. Кумулативниот број на пријавените случаи во 2024 (n=3.738) е за 16,2% поголем во однос на кумулативата за истиот период во 2023 година (n=3.217).

***<u>Графикон 1</u>: Број назаболени од заразни болести по месеци во 2024 и аритметичка средина за 2014-2023***




Најголем број акутни заразни заболувања на ниво на ЦЈЗ е пријавен на територија на ЦЈЗ Скопје (n=642; 44,9%%), а најмал број е пријавен во ЦЈЗ Кочани (n=18; 1,3%). *(Графикон 2)*

Највисока инциденца на 100.000 жители на ниво на ЦЈЗ сеуште се регистрира на територијата на ЦЈЗ Битола (I=232,5/100.000), а најниска е инциденца во ЦЈЗ Кочани (I=20,3/100.000). *(Графикон 2)*

Највисока инциденца на 100.000 жители на ниво на ПЕ е регистрирана на територијата на Ресен (I=250,5/100.000), а во месец март две ПЕ не пријавиле заболени лица на територијата што ја покриваат. (Табела 1. во Прилог)

***<u>Графикон 2</u>: Број на пријавени и инциденца од акутни заразни заболувања по ЦЈЗ во март, 2024***




***Десетте најчесто пријавувани акутни заразни заболувања*** во март учествуваат со 98,5% во вкупниот број на заболени во месецот и бележат инциденца од 76,8/100.000 жители. *(Табела 1)*

***<u>Табела 1</u>: Десет најчесто пријавувани акутни заразни заболувања во март, 2024***

| Заболување | Број | I/100.000 |
|---|---|---|
| **Овчи сипаници** | **825** | **44.9** |
| **Голема кашлица** | **239** | **13.0** |
| **Ентероколитиси** | **222** | **12.1** |
| **Шуга** | **40** | **2.2** |
| **Инфективна мононуклеоза** | **25** | **1.4** |
| **Салмонелози** | **24** | **1.3** |
| **Скарлатина** | **13** | **0.7** |
| **Сифилис** | **9** | **0.5** |
| **Бактериски алиментарни инфекции и интоксикации** | **7** | **0.4** |
| **Вирусен хепатитис Б** | **6** | **0.3** |
| ***Вкупно*** | **1410** | **76.8** |

***Првите две најчести заразни заболувања*** (овчи сипаници и голема кашлица, n=1.064), учествуваат со 74,4% во вкупниот број на заболени, а со 75,5% во десетте најчесто пријавени акутни заразни заболувања во месец март 2024 година.

Во текот на март, **најчесто** регистрирано акутно заразно заболување се **овчите сипаници** со вкупно 825 пријавени лица. Тие во вкупниот број на заболени во месецот учествуваат со 57,7%, а во групата на десетте најчести заразни заболувања за овој месец учествуваат со 58,5%.

Во однос на претходниот месец февруари 2024 (n=661), се регистрира зголемување на бројот на пријавени од овчи сипаници за 24,8%, додека во однос на месец март 2023 (n=911) се регистрира намалување за 9,4%.

Во однос на аритметичката средина (n=512) се регистрира зголемување за 61,1%.

Во вкупниот број на регистрирани овчи сипаници во 2024 (n=2.389), пријавените случаи во март учествуваат со 34,5%. Во вкупниот број на регистрирани акутни заразни заболувања во 2024 година (n=3.738), овчи сипаници учествуваат со 63,9%.

Кумулативниот број на заболени од овчи сипаници во 2024 (n=2.389) е за 6,2% помал во однос на кумулативата за истиот период во 2023 (n=2.547).

На второ место по број на пријавени заболени во месец март е **големата кашлица**, со 239 случаи. Во вкупниот број на заболени во месецот учествуваат со 16,7%, а во групата на десетте најчести заразни заболувања за овој месец учествуваат со 17,0%.

Во однос на претходниот месец февруари 2024 (n=120), се регистрира зголемување на бројот на заболени лица од голема кашлица за 99,2%, додека во месец март 2023, ниту во претходните десет години не се регистрирани заболени.

Во вкупниот број на регистрирани случаи на голема кашлица во 2024 (n=365), пријавените во март учествуваат со 65,5%. Во вкупниот број на регистрирани акутни заразни заболувања во 2024 година (n=3.738), случаите на голема кашлица учествуваат со 9,8%.

Во однос на поделбата на акутните заразни заболувања по групи во март, најголем број (n=1.111) припаѓаат на **капкови заболувања** (77,6%; I=60,5/100.000) (Графикон 3). Од нив, најголем број, (n=825; 74,3%) и инциденца (I=44,9/100.000), се пријавите за овчи сипаници. Во оваа група се пријавени, 239 случаи на голема кашлица (I=13,0/100.000), 25 случаи на инфективна мононуклеоза (I=1,4/100.000), 13 случаи на скарлатина, по 3 случаи на пневмококна инфекција и легионерска болест, два случаи на заразни заушки и еден случај на менингококна болест.

Во месец март, пријавени се 257 случаи (18,0% од вкупниот број на пријави) на заболени во групата на **цревни заболувања** *(Графикон 3),* со инциденца од 14,0/100.000. Од нив, најголем број, (n=222; 86,4%) и инциденца (I=12,1/100.000) се пријавите на ентероколити. Пријавени се 24 случаи на салмонелози, 7 случаи на бактериски алиментарни инфекции и интоксикации, 3 случаи на кампилобактериоза и еден случај на џардијаза.

Во групата на **останати акутни заразни** заболувања, во март се регистрирани 43 случаи (3,0%; I=2,3/100.000) (*Графикон 3*). Од нив 40 се случаи на шуга (93,0%; I=2,2/100.000), 2 случаи на бактериски менингит и еден случај на неодреден вирусен хепатит.

Во групата на **сексуално и крвно преносливи инфекции** (без ХИВ/СИДА) се регистрирани 19 заболени лица (1,3%; I=1,0/100.000) *(Графикон 3)*, и тоа пријавени се 9 случаи на сифилис (47,4%; I=0,5/100.000), 6 случаи на вирусен Хепатитис Б, 3 случаи на вирусен Хепатит Ц и еден случај на инфекција со Хламидија *(Табела 1 во Прилог).*

Во групата на **зоонози**, во март пријавен е еден случај на ехинококоза.

***<u>Графикон 3</u>: Структура на заболени по групи на заболувања во март, 2024***



## *ХИВ/СИДА И ДРУГИ СЕКСУАЛНО ПРЕНОСЛИВИ ИНФЕКЦИИ*

Во текот на месец март, пријавени се четири случаи потврдени на ХИВ и два на СИДА, од машки пол пет лица и еден од женски пол, кои припаѓаат на возрасната група од 20-44 години. (*Табела 3 во Прилог*).

Согласно постоечката евиденција на пријавени случаи (заклучно со 31.03.2024), кумулативниот број на лица регистрирани со ХИВ/СИДА во Р. Северна Македонија, за периодот 1987–2024, изнесува 651, и тоа:

- 127 лица починале,
- 524 лица живеат со ХИВ/СИДА.

## *ВАКЦИНО-ПРЕВЕНТАБИЛНИ ЗАБОЛУВАЊА*

Во однос на вакцино-превентабилните болести, во месец март 2024 регистрирани се 250 случаи со инциденца од 13,6/100.000 жители. (*Табела 2 во Прилог*)

Во вкупниот број на пријавените случаи на вакцино-превентабилни болести, 95,6% се случаи на голема кашлица, како резултат на тековната епидемија на територијата на град Скопје и Куманово. Подетални неделни информации, за состојбата со голема кашлица во државата, се достапни на веб страната на ИЈЗ - https://www.iph.mk/.

Регистрирани се и 6 случаи на вирусен хепатитис Б  и три случаи на пневмококна инфекција со дијагноза на пневмококен менингитис, кои според возраста не подлежат на имунизација согласно Календарот за задолжителна имунизација во РСМ и не се вакцинирани против овие болести. Дијагнозата е потврдена лабораториски.

Пријавени се и два случаи на заразни заушки, еден припаѓа во возрасната група над 60 години, невакциниран, а другиот случај е дете во возрасната група од 5-9 години, вакцинирано согласно Календарот за имунизација. Двата случаи се клинички потврдени.

## **СОСТОЈБА СО COVID-19 ВО Р.С. МАКЕДОНИЈА**

Во Р. Северна Македонија во текот на месец март, пријавени се вкупно 27 случаи на COVID-19 (I=1,5/100.000).

Во однос на претходниот месец февруари 2024 (n=187), се регистрира намалување на бројот на пријавени од КОВИД-19 за 85,6%, а  во однос на месец февруари 2023 (n=734) се регистрира намалување на заболените од 96,3%.

Од заболените во март 2024, најголем број на заболени (n=14) се пријавени од Скопје, а највисока инциденца (13,3/100.000) се регистрира во Кратово.

Во текот на месецот не се пријавени починати лица асоцирани со КОВИД-19.

Регистрирани се заболени лица во сите возрасни групи, со најголем број на случаи пријавени во возрасната групата над 60 години (n=10; 37,0%).

Во лабораториите во кои се спроведува молекуларно тестирање и антигенско тестирање за присуство на SARS-CoV-2, во текот на месец март се тестирани вкупно 971 материјал со намалување на бројот на тестирани за 37,4% во однос на минатиот месец (n=1.552).

Од почетокот на пандемијата, заклучно со 31.03.2024, пријавени се вкупно 350.579 потврдени случаи на КОВИД-19 (I=19.087,4/100.000) и 9.982 смртни случаи (Mt= 543,5/100.000; CFR=2,8%).

## **ГРИП/ ЗАБОЛУВАЊА ШТО ЛИЧАТ НА ГРИП**

Согласно извештајот на ERVISS, активноста на грипот се намалува во Европскиот регионот со варијации во различни земји. Активноста на SARS-CoV-2 е лесно покачена во посоледните неколку недели, а активноста на RSV е намалена до базичната вредност. Хоспитализациите и приемите во одделите за интензивна нега постојано се намалуваат за RSV, додека SARS-CoV-2 се стабилизира на релативно ниско ниво.

Во текот на март, на групни пријави за грип, пријавени се вкупно 1.108 заболени лица (I=60,3/100.000). Од нив, најголем број на заболени се регистрирани во Гостивар (n=213), а највисока инциденца е регистрирана во ПЕ Кавадарци ( I=336,5/100.000).

Од почетокот на сезоната, во Р.С. Македонија заклучно со 13-та недела 2024, пријавени се вкупно 14.490 случаи (I=788,9/100.000) на грип/заболувања кои личат на грип. Од нив, најголем број на заболени (n=1. 938) се регистрирани на територија на ЦЈЗ Скопје, додека највисока кумулативна инциденца (6.920,3/100.000) е регистрирана на територијата на ПЕ Дебар.

Во текот на сезоната 2023/24, регистрирани се вкупно ***14 смртни случаи асоцирани со грип*** сите хоспитализирани, 12 со коморбидитети и сите невакцинирани против сезонски грип.

Во однос на дистрибуцијата на заболените по возрасни групи, најголем број на заболени се пријавени во возрасната група која опфаќа најголем дел од населението (од 15-64 години) – 8.489 случаи (58,6%), а највисока инциденца (1.827,6/100.000) се регистрира кај децата на возраст од 0-4 години (n=1.764).

Во Вирусолошката лабораторија на ИЈЗ, од почетокот на сезоната, пристигнати се 1.633 материјали од здравствени установи од амбулантски, болнички пациенти и САРИ надзорот. Во нив, детектирани се 281 позитивен случај на грип. Доминира вирусот на грип тип А со 86,8% застапеност во испитуваните примероци, со 80,7% присуство на Influenza A(H1)pdm09 субтипот. Инфлуенца тип Б е потврден во 33 примероци, со 89,2% присуство на Influenza B/Victoria.

## ЕПИДЕМИИ

Во текот на месец март, до Институтот за јавно здравје е пристигната една пријава за епидемии на заразна болест.

**ЦЈЗ Куманово** пријави епидемија на голема кашлица на 29.03.2024 на територија на град Куманово со 23 заболени лица. Одделението за епидемиологија спроведува активности согласно препораките дадени од ИЈЗ и МЗ, и презема интервенции во соработка со ДСЗИ ПЕ и ЈЗУ Здравствен дом Куманово.

## СМРТНИ СЛУЧАИ

Во текот на месец март не се пријавени смртни случаи од акутно заразно заболување (не сметајќи ги COVID-19, грип, туберкулоза, СИДА, АФП и хронични носителства на хепатит Б и Ц и ХИВ).

## ЛАБОРАТОРИСКИ ИЗОЛИРАНИ ИЛИ НА ДРУГ НАЧИН ДОКАЖАНИ ПРИЧИНИТЕЛИ НА ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА И РЕЗИСТЕНЦИЈА НА АНТИБИОТИЦИ

Во текот на март, 2024 година во ИЈЗ се пристигнати 1.404 *Пријави за изолиран-докажан причинител на заразна болет и резистенција на антибиотици (Табела 4 во прилог).*

Пријави се добиени од микробиолошките лаборатории од териториите на 12-те ЦЈЗ/ПЕ. Најголем број пристигнати пријави се од лабораториите кои се наоѓаат на територијата на ЦЈЗ Скопје (n=1.079; 76,9%). (*Табела 4 во Прилог)*

Најчесто пријавувани причинители во месец март се: *MRSA (n=222; 15,8%), Bordetella pertussis (n=215; 15,3%) и Influenza A (109; 7,8%).*

Во однос на пријавите за резистенција на антибиотици, покрај *MRSA*, листа на резистенција е добиена за: *Salmonella enteritidis, Acinetobacter baumannii, Enterococcus spp VRE, Klebsiella pneumonie ESBL, Proteus mirabilis ESBL и Escherichia coli ESBL .*

Во однос на лабораториите кои пријавуваат резистенција, пријавите се од микробиолошките лаборатории на територијата на девет ЦЈЗ.

## БОЛЕСТИ КОИ СЕ РЕГИСТРИРААТ КАЈ СТРАНСКИ ДРЖАВЈАНИ

Во текот на месец март, ***пристигнати се три пријави*** за заразно заболување, две за шуга кај странски државјанин од Турција и една за инфективна мононуклеоза кај странски државјанин од Косово, кои престојувале во Република Северна Македонија.

***Оддел за епидемиологија на заразни заболувања***
***Институт за јавно здравје***
***на Република Северна Македонија***